**До**
**Македонска берза АД Скопје**
ул. Орце Николов бр.75, Скопје

**Акционерско друштво за производство, трговија и услуги**
**СИНЦЕРИТАС АД Скопје**
ул. 50-та Дивизија бр.12, Скопје
(**„СИНЦЕРИТАС"**)

Скопје, 25.12.2025 год.

**Предмет:** Известување по чл.166-б од Законот за хартии од вредност

Почитувани,

Согласно чл.166-б став 1 алинеја 3 и алинеја 5 од Законот за хартии од вредност, известуваме дека:

- извршена е статутна измена; и
- издадена е нова емисија на хартии од вредност.

Имено, на 05.11.2025 година донесена е Одлука за зголемување на основната главнина на СИНЦЕРИТАС со трансформација на заем во влог преку издавање на нови обични акции од трета емисија по пат на приватна понуда, како и Одлука за трансформација на заем во влог во СИНЦЕРИТАС во постапката за зголемување на основната главнина. Со предметните одлуки беше одлучено да се изврши трансформирање на претходно дадени заеми од страна на единствениот акционер на СИНЦЕРИТАС во влог во СИНЦЕРИТАС преку издавање на трета емисија на 9.317.000 обични акции по пат на приватна понуда, со номинална вредност на една обична акција од 1 ЕУР.

Предметната емисија беше одобрена со Решение за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда бр. УП1 10-91 на Комисијата за хартии од вредност на РСМ од 26.11.2025 година.

СИНЦЕРИТАС спроведе постапка пред трговскиот регистар за зголемување на основната главнина со влогови, преку издавање нови акции од предметната емисија, со што претходно запишаната основна главнина во износ од 2.801.500 ЕУР, поделена на 2.801.500 обични акции, се зголеми и основната главнина моментално е во износ од 12.118.500 ЕУР, поделена на 12.118.500 обични акции.

Со почит,

**За СИНЦЕРИТАС,**

Роберт Новески, главен извршен директор